# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА ОБЛАСТ ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ТЕКСТИЛ И ОБЛЕКА НА ТЕХНОЛОШКО -ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2302-87/5 од 08.08.2024 година донесена на 168. седница на Технолошко - техничкиот факултет и измени на одлуката 2302-98/5 од 01.10.2024 година донесена на 170. седница на Наставно-научниот совет на Технолошко - технички факултет, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 2 (двајца) извршители во сите звања за наставно - научната област: Дизајнирање на текстил и облека 2.11.06.05 на Технолошко - техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- Д-р Пенка Ангелинова Димитрова, редовен професор во пензија на наставно-научна област Дизајнирање на текстил и облека, Машински факултет, Технички Универзитет, Софија – **претседател,**
- Д-р Владимир Станковиќ, редовен професор на наставно-научна област Дизајнирање на текстил и облека на Технолошки факултет, Универзитет во Ниш – **член,**
- Д-р Снежина Андонова, редовен професор на наставно-научна област Технологија на облека на Технички факултет, Југозападен универзитет, Благоевград – **член.**

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот/-ците „Слободен печат” и „Коха“ од 6-07.07.2024 година и во предвидениот рок се пријавија:

1. м-р Ванѓа Димитријева-Кузманоска
2. д-р Јана Стојанова Чуповска

Комисијата ги разгледа пријавите за распишаниот Конкурс за наставно - научната област Дизајнирање на текстил и облека и го поднесува следниот

## ИЗВЕШТАЈ

М-р Ванѓа Димитријева-Кузманоска ги има доставено следните документи: Диплома за завршено соодветно образование одбранет магистерски труд, нострифицирана диплома од МОН, Уверение за положени испити, (еквиваленција на оцените од МОН), магистерски труд; Оригинал диплома за завршен прв циклус, нострифицирана диплома од МОН, уверение за положени испити, (еквиваленција на оценките); Кратка биографија; список на објавени научни и стручни трудови, достапни на е-репозиториум на Универзитетот „Гоце Делчев”; Примерок од универзитетски учебник печатена форма; Одлука за претходен избор во звање вонреден професор од област дизајнирање на текстил и облека на Технолошко-технички факултет, Универзитет „ Гоце Делчев”- Штип; сертификати за учества во изложби, работилници и конференции, награди и признанија, одлуки за ментор и член на Комисии на дипломски; Одлука за член на Комисија за избор на доцент; Уверение за државјанство.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Ванѓа Димитријева – Кузманоска** е родена на 08.04.1978 година во Штип, Република Северна Македонија, каде завршува основно и средно образование. Дипломира на 07.06 2004 година, на Факултетот

за ликовни и декоративни уметности при Универзитетот за уметност и дизајн „Јоан Андрееску” во Клуж – Напока, Романија на насоката моден и текстилен дизајн со просечна оценка 8,38. Во академската 2004/2005 се запишува на постдипломски студии на Факултетот за ликовна уметност, област - моден и текстилен дизајн на Универзитетот за уметност и дизајн во Клуж – Напока, Романија, Во 2006 година по успешна одбрана на магистерскиот труд со наслов „Антиката во кинематографијата и нејзиното влијание во модата “, на 7 јуни 2006 год. со просечна оценка 9,14 се стекнува со академско звање магистер по ликовна и декоративна уметност од областа на моден и текстилен дизајн.

**Работно искуство**

М-р Ванѓа Димитријева - Кузманоска повеќе од 16 години се занимава со образовна дејност. Од 2008 до 2015 година работи како асистент, а од 2015 до 2019 работи како професор по дизајнирање на текстил и облека на Технолошко – технички факултет при Универзитет „ Гоце Делчев” од Штип.

Од 2015 година со Одлука на Наставно - научниот совет на Технолошко – технички факултет (бр. 2302-40/6) 0д 03.02.2015 год. е избрана во наставно - научно звање доцент по стручно уметнички предмети од областа Дизајнирање на текстил и облека на Технолошко – технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” Штип.

Од 2019 година со Одлука на Наставно - научниот совет на Технолошко – технички факултет (бр. 2302-106/8) 0д 07.10.2019 год. е избрана во наставно научно звање вонреден професор по стручно уметнички предмети од областа дизајнирање на текстил и облека на Технолошко – технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” Штип.

**Општи услови за избор:**

- **Успех од најмалку 8,00 (осум) како просечна вредност на студиите на Прв и Втор циклус**

Кандидатката има остварено 8,75 просечен успех на студиите на Прв и Втор циклус

- **Да има научен степен магистер на науки од научната област за која се избира**

*Кандидатката има научен степен магистер по ликовна и декоративна уметност од областа на моден и текстилен дизајн*

- **Претходен избор во звање**

Со Одлука бр.2302-106/8 од 07.010.2019 година донесена на 93-тата седница на Наставно - научниот совет на Технолошко – технички факултет, одржана на 07.10.2019 година, кандидатката е избрана во звање вонреден професор за наставно-научна област Дизајнирање на текстил и облека.

- **Да има објавено најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно Законот за високото образование во последните пет години пред објавување на огласот за избор**

Кандидатката м-р Ванѓа Димитријева-Кузманоска од изборот во помлад асистент до денес има објавено повеќе од 50 стручни трудови, а во последните

пет години, т.е. периодот од изборот во вонреден професор во 2019 година до денес (2024 год.) има објавено 15 трудови во меѓународни научни списанија и научни конференции, 10 самостојни изложби во државата и странство од кои дел се поддржани од Министерството за култура како проекти за особен развој и афирмација на културата на државата и дел поддржани од Владата на Романија.
Во табелата подолу се презентирани објавените трудови во изминатиот петгодишен период согласно важечките законски прописи.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание/ конференција | Години на излегување на списанието/ зборникот |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Jordeva, Sonja and Zhezhova, Silvana and Golomeova, Saska and Risteski, Sanja and Tudzarovska Advokatov, Daniela and **Dimitrijeva, Vanga** (2024) | The effect of different types of cut marker on the utilization of textile materials. | Koža & Obuća, 73 (2). pp. 18-23. ISSN 1849-9767 | Од 1952 г.<br>72 години |
| 2. | Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and Risteski, Sanja and Golomeova, Saska and **Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga** (2024) | Application of technical textiles in sports. | Koža & Obuća, 73 (2). pp. 3-10. ISSN 1849-9767 | Од 1952 г.<br>72 години |
| 3. | Golomeova, Saska and Popova, Dushica and Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and Dimitrijeva-**Kuzmanoska, Vanga** and Risteski, Sanja and Andronikov, Darko (2024) | Effectiveness of teamwork in the textile-leather industry in the Republic of North Macedonia. | The Journal Leather and Footwear, 73 (2/24). pp. 11-17 | Од 1952 г.<br>72 години |
| 4. | Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and Golomeova, Saska and Risteski, Sanja and **Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga** (2023) | Final control of men's shirts. In: VI International Scientific Conference: Contemporary Trends and Innovations in the Textile Industry, 14-15 Sept 2023, Belgrade. | Textile Industry, 14-15 Sept 2023, Belgrade. | Од 1953 г.<br>71 години |
| 5. | Efremov, Jordan and Kertakova, Marija and **Dimitrijeva, Vanga** (2023) | The aesthetic factor as a formative element in industrial design, from the aspect of industrial aesthetic in the fashion industry - UGD Academic Repository | Tekstilna industrija, 71 (4). pp. 50-56. ISSN 0040-2389 | Од 1953 г.<br>71 години |
| 6. | Golomeova, Saska and Jordeva, Sonja and Zhezhova, Silvana and **Dimitrijeva, Vanga** and Andronikov, Darko (2023) | Water absorption and dimensional stability of shoe insoles. https://eprints.ugd.edu.mk/31709/ | Journal Leather & Footwear, 72 (1/23). pp. 3-6. ISSN 1849-9769 | Од 1952 г.<br>72 години |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Efremov, Jordan and Kertakova, Marija and **Dimitrijeva, Vanga (2022)** | Different aspects of fashion. | Tekstilna industrija, 70 (4). pp. 48-54. ISSN 0040-2389 | Од 1953 г.<br>71 години |
| 8. | Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and Golomeova, Saska and Srebrenkoska, Vineta and **Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga** (2022) | Analysis of the situation with textile waste. In: Contemporary trends and innovations in the textile industry. | Tekstilna industrija, 70 (4). pp. 48-54. ISSN 0040-2389 | Од 1953 г.<br>71 години |
| 9. | Golomeova, Saska and Jordeva, Sonja and Zhezhova, Silvana and **Dimitrijeva, Vanga** and Mojsov, Kiro and Andronikov, Darko (2022) | The effect of fabric structure parameters on dimensional stability after domestic washing. | Tekstilna Industrija, 70 (2). pp. 22-27. ISSN 0040-2389 | Од 1953 г.<br>71 години |
| 10. | Zhezhova, Silvana, Jordeva, Sonja, Golomeova, Saska, Maksimov, Stefan and **Dimitrijeva, Vanga** (2021) | The develompment of textile industry in Shtip. | Tekstilna industrija. ISSN 0040-2389 | Од 1953 г.<br>71 години |
| 11. | Jordeva, Sonja, Anusheva, Hristina, Golomeova, Saska, Zhezhova, Silvana, **Dimitrijeva, Vanga**, Mojsov, Kiro and Kertakova, Marija (2021) | A cut marker for aircraft seat cover | Tekstilna industrija, 69 (2). pp. 40-47. ISSN 0040-2389 | Од 1953 г.<br>71 години |
| 12. | Efremov, Jordan and Kertakova, Marija and Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga (2021) | Expression of personality through dressing | Tekstilna industrija, 69 (1). pp. 28-35. ISSN 0040-2389 | Од 1953 г.<br>71 години |
| 13. | Jordeva, Sonja and Tomovska, Elena and Zhezhova, Silvana and Golomeova, Saska and **Dimitrijeva, Vanga** (2020) | *Textile waste management practices. Contemporary trends and innovations in the textile industry CT&ITI 2020. ISSN 677(082) / 687.1(082)* | textile industry CT&ITI 2020. ISSN 677(082) / 687.1(082) | Од 1953 г.<br>71 години |
| 14. | Demboski, Goran, Jordeva, Sonja, Zhezhova, Silvana, **Dimitrijeva, Vanga** and Kertakova, Marija and Mojsov, Kiro (2019) | Selection of fusible interlining in apparel industry | Tekstilna industrija 67 (4), 4-10 ISSN 0040-2389 | Од 1953 г.<br>71 години |
| 15. | Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and Golomeova, Saska and **Dimitrijeva, Vanga** and Dimova, Tanja (2019) | Tactile properties of fabrics. | Tekstilna industrija. pp.4-10 ISSN0040-2389 | Од 1953 г.<br>71 години |

- **Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмацијата на културата и уметноста во и надвор од државата**

**Самостојни изложби**

16. Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga (2024) *Exhibition of traditional late making from North Macedonia implented in modern clothing.* House of culture, Campulung, Romania[Show/Exhibition]

17. Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga (2023) *Истражување на традиционалниот текстил кој се изработувал во Северна Македонија.* Изложба со традиционални влашки носии истражувани во источниот дел на државата [Show/Exhibition] (Unpublished)

18. Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga (2023) Exhibition with productions of Old Town costumes, replicas of the European costume. Campulung, Romania [Show/Exhibition]

19. Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga (2023) Montain Civilization, Tradicionas, Customs and Folklore in Carpathian and Carpathian Mountains. [Show/Exhibition] (Unpublished)

20. Dimitrijeva, Vanga (2022) International exhibition of traditional vlach costumes. Campulung, Romania [Show/Exhibition]

21. Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga (2022) . Изложба со градски носии, Музеј, Штип[Show/Exhibition]

22. Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga (2021) *Изложба цинцарске ношње.* Етнографски музеј, Белград [Show/Exhibition]

23. Реализација на изложба со традиционални влашки носии, Музеј во Камулунг, Романија, мај 2022 година (Проекти од национален интерес во културата од областа на меѓународната дејност одобрени од Министерство за култура на Република Северна Македонија)

24. Dimitrijeva-Kuzmanoska Vangja, (2021) НУ Завод и Музеј Штип / NI Institute and Museum Stip, самостојно претставување со изрботки на градски носии, Културното наследство низ призма на ликовната дејност.

25. Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga (2019) Promotion of the image and work of Tose Proeski. Изработки на реплики на костими од Тоше Проески, Музеј во Камулунг, Романија

(Проекти од национален интерес во културата од областа на меѓународната дејност одобрени од Министерство за култура на Северна Македонија)

27. Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vangja and Efremov, Jordan (2019) Денови на модата 2019. [Show/Exhibition]

(Проекти од национален интерес во културата од областа на меѓународната дејност одобрени од Министерство за култура на Република Северна Македонија)

- **Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик**

*Кандидатката се служи со англиски јазик. Има сертификат за положен англиски јазик со постигнато ниво Б1, Центар за странски јазици, Едука*
*Диплома за завршен романски јазик, Филолошки факултет, Универзитет ,, Бабеш Бојај", Клуж-Напока, Романија*

- ***Способност за изведување на високообразовна дејност***

Афинитет кон високото образование кандидатката покажува уште како асистент на Технолошко-технички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип во 2008 год., каде што, до денес, ги поминува сите постапни избори во

звања од помлад асистент (2008), до вонреден професор (2019 – тековно). Во тие 16 години ангажман во високото образование, кандидатката ги остварува сите активности поврзани со процесот на високото образование – активна вклученост во изведување настава (предавања и вежби), учество на конференции, форуми, објавување на учебни помагала и учебници, објавување научни и стручни трудови во референтни списанија, изготвување на национални и меѓународни проекти за студентите од ТТФ, учество на проекти, како и учество во организациските активности на Технолошко-техничкиот факултет и Ликовната академија при УГД. Таа била ментор на повеќе дипломски трудови, член и претседател на бројни комисии на дипломски и магистерски трудови. Соработки со други универзитети од странство.

**Посебни услови:**

- ***учество во научноистржувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати***

Кандидатката м-р Ванѓа Димитријева-Кузманоска, во последните пет години има објавено 15 труда во референтни научни публикации во меѓународни научни списанија. Од последниот избор до денес има учествувано во 20 изложби од кои 10 се самостојни во странство, а другите се групни во државата и странство и 5 меѓународни проекти кои се поддржани од Министерството за култура на Република Северна Македонија кои се од национален интерес во културата од областа на меѓународната дејност, раководител е на 2 меѓународни проекти финансирани од владата на Романија, раководител на 2 меѓународни проекти финансирани од Мултикултурната асоцијација, „Нику Хаџи" од Кампулунг, Романија.

***Проекти:***

Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga and Sterjov, Mitko (2022) *Културното наследство низ призмата на ликовната дејност.* [Project]

Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga (2022) *Mountain civilization Traditionas, customs, folklore on the mountain.* [Project]

Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga and Srebrenkoska, Vineta and Despot, Katerina and Sandeva, Vaska and Efremov, Jordan and Golomeova, Saska and Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and Ristova, Elvira and Bojadziska, Slavica and Slavkova, Emilija and Gjorgjieva, lidija and Mirceska, Natasa and Angelinova-Dimitrova, Penka and Dimitrova Evtimova, Maria and Onteva, Maria and Badea, Corina and Hagi, Emil and Nanusevski Filipovic, Nadica and Janakieska, Danica and Golant, Natalia and Dimitrijeva-Mastev, Marina (2022) *Preservation of local craft traditions at the international level and integrations into new tehnologies and process of recycling and apllications in modern and functional*

- **Успешно дејствување во соодветната област на уметноста**

**`Признанија и награди**

1. Потврда за вклученост како професионален кадар во програма за обука ECO -PRINT обука 15-20 Април, 2024г, Youth on Board, Штип во соработка со Европската Унија;
2. Благодарница за афримација, соработка и придонес во унапредувањето на воспитно-образовниот процес на училиштето, **со изработка на традиционални носии,** Средно општинско училиште „Коле Нехтенин", Штип, 2024;

3. Сертификат за учество на Еразмус „Социјалната екологија модел за одржлив европски развој во 21-от век одржан во Софија" 15-21 јули, 2023 г;

4. Сертификат за учество на Меѓународен проект „Истражување на традиционалниот текстил кој се произведувал во Македонија", **Истажување на традиционалните влашки носии кои се изработувале во Македонија,** Информативен центар на Романија, Скопје, проект финансиран од владата на Романија, 2023 г;

5. Сертификат за учество на Меѓународен проект „Меѓународен фестивал Традицијата и културата обединуваат" ,Информативен центар на Романија, Скопје, **изработка на костимографија за фестивалот**, проект финансиран од владата на Романија, 2023 г.;

6. Благодарница од музејот за антрополигија и етнографија Петар Велики на Руската академија на науки за **изработки на детски влашки** носии и научни списанија со цел збогатување на музејскиот и библиотечен фонд на музејот, мај 2023 г;

7. Благодарница за успешна организација, реализација и учество во проектот „ Мода меѓу редови-класици", **Изработка на детска колекција**, Национална установа- универзитетска библиотека, „Гоце Делчев - Штип, јуни 2023 г.;

8. Диплома за заслуги за особен придонес во културата и уметноста со **изработки на традиционални носии**, Мултикултурна асоцијација „Нику Хаџи", Кампулунг, Романија, 2023 г.;

9. Сертификат за учество во активности **со изработки на традиционални носии** организирани од Информативниот центар на Романија, Скопје, 2022;

10. Благодарница за раководител на проектот „ Мода", **Изработка на зимска детска колекција**, Спомен куќа Тодор Проески, Крушево, 2022;

11. Сертификат за учество во 5-та меѓународна научна конференција современите трендови и иновации во текстилната индустрија, Белград,Србија, 15-16 септември 2022 г;

12. Сертификат за учество во „Меѓународни денови на модата", **изработка на детска колекција,** 23-28 мај, 2022, Штип;

13. Сертификат за учество во проектот „Текстилната индустрија како атрактивен пат за кариера за младата генерација и придонесувач за економски развој и социјален просперитет на прекуграничниот регион", Текстилен кластер, Штип, 2020 г;

14. Сертификат за учество во меѓународниот проект „ Денови на влашката култура и уметност, **со изработки на традиционални носии**, Крушево 2020", Проект подржан од министерството за култура како проект со особен придонес за афирмацијата на културата и уметноста, 2020 г;

15. Признание за особена чест и признавање на трудот и работата во промоцијата на културата на власите во светот преку **изработки на традиционални носии** за повеќе меѓународни фестивали во Романија, Меѓународно радио, Романија, 2020 г;

16. Сертификат за учество и презентација на 3-та меѓународна научна конференција „Современите трендови и иновации во текстилната индустрија", Белград, Србија, 17-18 септември, 2020 г;

17. Сертификат за учество во проектот „ Меѓународни денови на власите", **со изработки на традиционални влашки носии**, Крушево, 2020;

18. Диплома за учество на проектот „Планинска цивилизација, **Изложба со традиционални носии**, Камапулунг, Романија, 16-30 декември, 2021;

19. Благодарница за особено залагање и личен придонес во организирање на Хуманитарната модна ревија „Подај рака", детска зимска колекција, Крушево, 20.12.2019 г;

20. Диплома за раководител на студенти за учество на модна ревија, детска зимска колекција, Југозападен универзитет „Неофит Рилски", Благоевград, Бугарија, 31.10. 2019 г

21. Награда за особен придонес во културата и уметноста, Информативниот центар на Романија, Скопје, 2023;

22. Награда за успешно реализиран меѓународен проект, Информативниот центар на Романија, Скопје, 2023;

23. Награда за особен придонес во културата и уметноста, мултикултурна ацосијацијa „Нику Хаџи",Кампулунг, Романија, 2022;

- **Придонес во оспособувањето на наставници и соработници на Технолошко-техничкиот факултет и на други универзитети во државата**

Од моментот на избор во доцент до денес, кандидатката има дадено значаен придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници преку нивно вклучување во различни научни и стручни активности, проекти, промоција на Универзитетот во државата и странство што може да се види од заедничките активности на научноистражувачката работа достапна на е-репозиториум на Универзитетот

- Рецензент на наставници во избор во наставни звања:

Со одлука бр. 22-158/3 од 28.02.2022 од Наставно-научен и уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија вонреден професор м-р Ванѓа Димитријева-Кузманоска е избрана за претседател на Комисијата за избор на доцент м-р Емилија Славкова.

- **Рецензиран учебник, скрипта или авторско ЦД**

Автор е на учебникот „Ликовно обликување на текстил", 2024 за потребите на студентите од Технолошко - технички факултет, Ликовно обликување на текстил-учебник | УГД (ugd.edu.mk) ISBN 978-608-277-065-9, DOI: https://www.doi.org/10.46763/9786082770659

**Наставно- образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатката м-р Ванѓа Димитријева – Кузманоска, во последните пет години има вкупно 30 трудови од кои дел се трудови објавени во меѓународни стручни списанија и дел се изложби од областа Дизајнирање на текстил и облека. Учесник е во повеќе проекти од областа во која се избира и поседува сертификати и признанија од соодветната област.

Кандидатката м-р Ванѓа Димитријева – Кузманоска е вклучена во реализација на наставните активности на студиските програми по Текстил дизајн и менаџмент и Дизајнирање на текстил и облека на прв и втор циклус на студии.

Кандидатката м-р Ванѓа Димитријева - Кузманоска тековно е ангажирана во наставата како вонреден професор по следниве предмети на прв циклус студии: Дизајн на текстил и облека, Костимографија, Ликовно обликување на текстил, Етнологија на текстил и облека, Моден дизајн.

На втор циклус на студиска програма Дизајн и технологија на модна облека е ангажирана по следниве предмети: Моделирање на облека 2, Модна колекција,

Индустриски дизајн на текстил, Креирање на текстил, Конструкција на облека со современи техники на кроење и шиење, Современа мода и дизајн.
Кандидатката била ментор и член на повеќе од 30 дипломски работи.

Од 2008 година и тековно е вработена на Технолошко – технички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Од 2008 година од матичната комисија на УГД е избрана во помлад асистент.

Со одлука бр.2802-61/3 од 15.06.2011 година од Наставно - научен совет на Технолошко-технички факултет е избрана за асистент.

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Технолошко – технички факултет Одлука бр.2302-40/6 од 03.02.2015 е избрана во наставно-научно звање доцент.

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Технолошко – технички факултет Одлука бр..2302-90/12 од 14.08.2019 е избрана во наставно-научно звање вонреден професор, во кое звање работи и тековно.

***Во прилог на документацијата за избор, а согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, кандидатката вонреден професор м-р Ванѓа Димитријева-Кузманоска достави учебник кој е за потребите на студентите на Технолошко – технички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев"– Штип, објавен и во е-библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев"– Штип***

Ликовно обликување на текстил-учебник од Ванѓа Димитријева-Кузманоска, Ликовно обликување на текстил-учебник | УГД (ugd.edu.mk)

**Научните резултати на кандидатката се објавени во меѓународни и стручни списанија и зборници на трудови презентирани на меѓународни и домашни конференции. Наведените трудови се составен дел на е-репозиториумот при Универзитетот „ Гоце Делчев"-Штип.**

***1.*** Jordeva, Sonja and Zhezhova, Silvana and Golomeova, Saska and Risteski, Sanja and Tudzarovska Advokatov, Daniela and **Dimitrijeva, Vanga** (2024) *The effect of different types of cut marker on the utilization of textile materials.* Koža & Obuća, 73 (2). pp. 18-23. ISSN 1849-9767

Најголем процент од трошоците за изработка на облека припаѓа на текстилниот материјал од кој е направена облеката. Суштинскиот процес во правењето облека е процесот на сечење на облеката. Пред сечењето, парчињата за сечење и нивните позиции се ставаат во маркерот за сечење поблиску еден до друг, со што ќе се постигне минимална потрошувачка на ткаенината. Овој труд има за цел да го прикаже ефектот на различните видови маркери за сечење врз искористувањето на текстилните материјали. Акцентот е ставен на ставање на сѐ повеќе големини во еден маркер за сечење, се со цел практично да се докаже дека типот на маркерот за сечење значително влијае на потрошувачката на текстилниот материјал од кој е направена облеката. Во експерименталниот дел се прикажани два различни реда, со два различни модели на женски панталони, но со еднаква големина и идентична ткаенина. Направена е компаративна анализа помеѓу ефикасноста на сечените маркери со помалку и повеќе големини

содржани во маркерот за сечење. Добиените резултати даваат директен заклучок дека различните типови маркери за сечење можат значително да влијаат на потрошувачката на текстилен материјал, односно дека со користење на маркер за сечење во кој парчиња со повеќе големини се интегрирани во еден маркер за сечење, потрошувачката на текстилен материјал е значително намален.

***2.*** Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and Risteski, Sanja and Golomeova, Saska and **Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga** (2024) *Application of technical textiles in sports.* Koža & Obuća, 73 (2). pp. 3-10. ISSN 1849-9767

Екстилните материјали се користат во сите видови спортови како спортска облека во форма на шорцеви, маици, тренерки, костими за капење, облека за компресија итн. Освен за изработка на облека, текстилот се користи како составен дел на спортска опрема или дел од спортски обувки. Исто така, техничкиот текстил е широко користен за производство на спортски додатоци за да се обезбеди дополнителна удобност, поддршка и функционалност. Примената на текстилот композитите во спортската опрема се покажаа како многу корисни, не само за подобрување на вкупните перформанси но и во контролирањето на секоја можна карактеристика, што води кон побезбедни и пофер спортови. Спортскиот текстил е растечка индустрија и учествува со 7,3% на светскиот пазар на технички текстил. Општо земено, текстилните материјали што се користат во спортската облека имаат висок капацитет за транспорт на топлина и влага, лесен, капацитет за брзо сушење и еластичност. Овие материјали имаат и супериорна сила и издржливост. Најновите текстилни материјали што се користат за изработка на спортска облека имаат различни функционални својства со цел да се исполнат специфичните барања во различни спортски активности. Потрошувачка на текстилни материјали во спортот значително се зголеми во последните неколку децении. Ова се должи на зголемениот интерес на светот населението во спортски и фитнес активности, заедно со зголемената свест за важноста на активниот начин на живот, ја поттикнува побарувачката за спортска облека и опрема.

***3.*** Golomeova, Saska and Popova, Dushica and Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and **Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga** and Risteski, Sanja and Andronikov, Darko (2024) *Effectiveness of teamwork in the textile-leather industry in the Republic of North Macedonia.* The Journal Leather and Footwear, 73 (2/24). pp. 11-17. ISSN 1849-9767

Човечките ресурси и нивните квалитативни карактеристики претставуваат еден од клучните фактори за развој на текстилно-кожната индустрија поради нејзината трудоинтензивна природа. Човечките ресурси се основа на секоја компанија. Денеска нема компанија во која тимскиот дух не е применет во извршување на работни задачи на кое било ниво. Во овој труд, ефективноста на тимската работа во текстилно-кожата индустријата се испитува преку анкетен прашалник. Тим лидери - менаџери и работници беа анкетирани. Квалитетот на тимската работа, конкурентската предност, управувањето со човечките ресурси и комуникацијата помеѓу сите хиерархиски нивоа се сметаат како показатели за ефективна тимска работа во ова анкета. По сумирање на резултатите од истражувањето, статистичка анализа на податоците (т-тест, аритметичка средна вредност и стандардна девијација) и споредба на резултатите добиени од менаџерите и работниците беше направен.

***4.*** Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and Golomeova, Saska and Risteski, Sanja and **Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga (2023)** Final control of men’s shirts. In:

VI International Scientific Conference: Contemporary Trends and Innovations in the Textile Industry, 14-15 Sept 2023, Belgrade.

Контролата на квалитетот е еден од најважните фактори во текстилната индустрија и често е тесно поврзана со прифатеното ниво на квалитет. Крајната контрола ја врши контролорот за квалитет за да се осигура дека квалитетот на облеката ги исполнуваат барањата на клиентот. Контролата на квалитетот е услов во производството на машки кошули бидејќи го одржува квалитетот на брендот. Секој чекор во процесот на производство на машки кошули е од витално значење за севкупниот квалитет на финалниот производ. Имено, грешките констатирани во текот на производниот процес веднаш се пријавуваат на производителот за да се направи директна интервенција за нивно отстранување, а не по транспортот во земјата на клиентот. На овој начин се заштедува на време, се намалуваат трошоците за производство и истовремено се намалуваат организационите проблеми.

***5.*** Efremov, Jordan and Kertakova, Marija and **Dimitrijeva, Vanga (2023)** *The aesthetic factor as a formative element in industrial design, from the aspect of industrial aesthetic in the fashion industry.* Tekstilna industrija, 71 (4). pp. 50-56. ISSN 0040-2389

Формативните елементи на индустрискиот дизајн, односно дизајнерските фактори, претставуваат компоненти на неговата содржина, каде заедно со формата на дизајнот формираат неделива целина. Покрај естетската компонента, останатите формативни елементи визуелно не се прецизно дефинирани, па затоа е потребна анализа за да се утврди нивната вредност. Во современата наука и теорија на индустрискиот дизајн, новите сознанија и промени постојано се вградуваат во суштината, во вредноста и во значењето на одредени формативни елементи на индустрискиот дизајн, каде што е нагласен интердисциплинарниот пристап во креативната дејност. Со развојот на масовното производство и потрошувачка, задоволувањето на естетските фактори во индустрискиот дизајн добива сè поголема важност. Исто така, со развојот на општествениот стандард и општата култура, автоматски се отвори потребата дизајнот да биде сè поатрактивен. Естетските карактеристики кои се најприфатливи за луѓето се: Усогласеност на формата, хармонија, пропорции на димензиите, единството на производот, изборот на боја и сл. . Стајлингот е метод и правец во дизајнот, во кој дизајнерите наметнуваат несоодветни форми на одредени производи, па на неприроден или вештачки начин се обидуваат само навидум да ја променат формата на предметите, за да се добие впечаток дека се работи за нов производ. Модата е колективна општествена појава, но кога станува збор за индустрискиот дизајн, таа е краткотрајна. Има се поголемо значење за одредени категории во индустрискиот дизајн и се користи како алатка за успешен дизајн. Влијанието и значењето на модата во индустрискиот дизајн не може да се занемари и има одлучувачко влијание врз пласманот, а со тоа и врз постоењето на производителите.

***6.*** Golomeova, Saska and Jordeva, Sonja and Zhezhova, Silvana and **Dimitrijeva, Vanga** and Andronikov, Darko (2023) *Water absorption and dimensional stability of shoe insoles.* Journal of Leather & Footwear, 72 (1/23). pp. 3-6. ISSN 1849-9769

Во овој труд, е испитувана апсорпцијата на вода и димензионалната стабилност на осум влошки за обувки со различен суровински состав. Димензионалната стабилност на примероците е анализирана преку бабрењето, зголемувањето на димензиите на примерокот и собирањето. Тестовите се спроведени во согласност со релевантни ИСО стандарди. Експерименталните

резултати покажуваат дека способноста на влошките да апсорбираат вода зависи од нивната структурата и суровинскиот состав. Статистичката анализа на резултатите покажува позитивна линеарна корелација помеѓу апсорпцијата на вода и бабрењето и негативна линеарна зависност помеѓу бабрењето и зголемувањето на димензиите на примерокот. Собирањето кај сите осум примероци влошки е помало од 1%.

***7.*** Efremov, Jordan and Kertakova, Marija and **Dimitrijeva, Vanga** (2022) *Different aspects of fashion.* Tekstilna industrija, 70 (4). pp. 48-54. ISSN 0040-2389

Модата и облеката не се ни приближно идентични феномени. Но, облеката ја претставува најзначајната област, низ која, всушност, се појавува модата. Со оглед на тоа, оделото го претставува надворешното самообликување на човекот, така што тој костум е израз на тоа како таа личност би сакала да изгледа. Поконкретно, костумот на начин е израз на човековото самоспознавање и неговото разбирање за себе. Затоа, тука спаѓа и просторот во кој таа мода е доста изразена. Самата облека е едноставна, краткотрајна и минлива, всушност како што е самата мода. Главната карактеристика на модата е тоа што таа одеднаш може да наметне и прифати одредено ново правило или норма, односно да наметне и прифати нешто што во минатото било само исклучок или нишка на одреден карактер. Тоа го прави модата, за да може подоцна со текот на времето, да го остави тој исклучок или таа единствена карактеристична нишка што ја имаше, бидејќи со текот на времето таа уникатност стана нешто што е обично и секојдневие или стана нешто што секој може да си го дозволи. Првото големо објаснување за модата, ја поврзува модата со модерното општество со систем на отворени слоеви, каде што елитата има тенденција да се истакнува и да се издигне над останатите луѓе, а со тоа да лансира ексклузивни начини и модели на однесување. Со цел симболично да се изедначат со нив, припадниците на пониските слоеви го прифаќаат тој стил како правило на сопственото однесување.

***8.*** Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and Golomeova, Saska and Srebrenkoska, Vineta and **Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga** (2022*) Analysis of the situation with textile waste*. In: Contemporary trends and innovations in the textile industry.

Целта на овој труд е да се нагласи важноста на одржливите начини на управување со текстилниот отпад кои придонесуваат за намалување на количините на создаден отпад што неминовно ја наметнува потребата од подигање на еколошката свест на создавачите на отпад. Зголемување на производството и потрошувачката на текстилни производи доведува до зголемување на количината на создаден текстилен отпад. Се поголемата количина на текстилен отпад претставува значаен проблем, бидејќи годишно во Европа се создава од 2 до 15 килограми отпад по глава на жител. Најголеми производители на текстилен отпад во Европа се Белгија, Чешка, Португалија, Италија, Австрија и Холандија. Само 20% од облеката на глобално ниво се користи повторно или се рециклира. Останатите 80% од текстилниот отпад се депонира или согорува, што доведува до голема загуба на енергија и суровини.

***9.*** Golomeova, Saska and Jordeva, Sonja and Zhezhova, Silvana and Dimitrijeva, Vanga and Mojsov, Kiro and Andronikov, Darko (2022) The effect of fabric structure parameters on dimensional stability after domestic washing. Tekstilna Industrija, 70 (2). pp. 22-27. ISSN 0040-2389

Во овој труд е испитувано влијанието на структурните параметри врз димензионалната стабилност на памучна ткаенина после пет циклуси на перење

во домашни услови. Десет памучни ткаенини со различни структурни параметри се перени, а потоа сушени закачени во висечка положба. Димензионалните промени на ткаенините се мерени после секој циклус на перење и сушење и се изразени како процент од почетните димензии. Експерименталните резултати покажуваат дека собирање се јавува кај сите десет ткаенини и тоа е поголемо во правец на основа отколку по јаток. Статистичка анализа е направена за да се идентификува корелацијата помеѓу собирањето и структурата на ткаенините. Резултатите покажуваат дека собирањето на ткаенината е во линеарна корелација со покривниот фактор и факторот на преплетка.

***10.*** Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and Golomeova, Saska and Maksimov, Stefan and **Dimitrijeva, Vanga (2021)** The develompment of textile industry in Shtip. Tekstilna industrija. ISSN 0040-2389

Во трудот е анализирана текстилната индустрија во градот Штип кој е главен центар,за производство на облека во источниот дел на Република Северна Македонија. Текстилната индустрија учествува со 70% во вкупните достигнувања на индустријата во Општината. Во Штип има над 60 компании за производство на облека, а меѓу нивните најважни партнери се Германија, Италија, Австрија, Белгија и Холандија. Најголем дел од конфекциските компании се организирани како мали или средни претпријатија за производство на секојдневна облека како што се кошули, блузи и сл., кои работат врз основа на производствениот систем „ЛОН“.

***11.*** Jordeva, Sonja, Anusheva, Hristina, Golomeova, Saska, Zhezhova, Silvana, Dimitrijeva, Vanga, Mojsov, Kiro and Kertakova, Marija (2021) A cut marker for aircraft seat cover, Tekstilna industrija, 69 (2). pp. 40-47. ISSN 0040-2389

Маркерот за сечење покажува како парчињата шаблон треба да се исечат од еден или неколку слоеви ткаенина и тоа има директно влијание врз потрошувачката на ткаенина Во конфекциската индустрија, освен облека, предметите се прават и за други намени. Во овој труд, направена е анализа на изработката на маркер за сечење на капакот на седиштето на авионот, како и опис на потребните материјали. Навлаката за седиштето на авионот е направена од повеќеслојни (ламинирани) материјали и природна кожа. Процесот на изработка на сечениот маркер на капакот на потпирачот за глава, капакот на потпирачот за грб и капакот на ногата е особено разгледан во овој труд. Цената на материјалот за производство на капакот на седиштето на авионот се пресметува со помош на маркерот за сечење. Произведениот капак на седиштето на авионот треба да биде со врвен квалитет, што денес е императив поради сериозната конкуренција на пазарот.

***12.*** Efremov, Jordan and Kertakova, Marija and **Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga (2021**) *Expression of personality through dressing.* Tekstilna industrija, 69 (1). pp. 28-35. ISSN 0040-2389

Облеката и модата овозможуваат множење на повеќе личности во едно човечко суштество. Тенденцијата да се биде „некој друг“, дури и ако е само со некој детал во облеката, се заснова на можноста за трансформација на поединецот. Таа трансформација се прави со маскирање на човекот, поточно, стремежот на една личност да се трансформира барем на краток временски период. Можностите што ги дава модата, човек да може да биде некој друг со помош на облека, козметика или шминка се навистина одлични. Една од најважните функции на облеката и облеката е да се постигне чувство на духовна рамнотежа. Всушност,

со помош на облеката се надоместуваат одредени недостатоци на човекот и на тој начин се постигнува одредена психолошка рамнотежа. Колку следењето на модата го намалува чувството на инфериорност се гледа во тоа што во повеќето земји модата најмногу ја следат младите и имигрантите, бидејќи им се чини дека облекувањето по најнова мода ги изедначува со другите.

***13.*** Jordeva, Sonja and Tomovska, Elena and Zhezhova, Silvana and Golomeova, Saska and **Dimitrijeva, Vanga** (2020) *Textile waste management practices.* Contemporary trends and innovations in the textile industry CT&ITI 2020. ISSN 677(082) / 687.1(082)

Во трудот се анализирани практиките за менаџирање на текстилниот отпад. Во Република Северна Македонија се генерира значајна количина на отпад од процесот на кроење, што претставува вреден ресурс со задржани физичко-механички својства. Овој отпад не се сортира што претставува главна пречка за понатамошно процесирање.

***14.*** Golomeova, Saska and Demboski, Goran and Jordeva, Sonja and Zhezhova, Silvana and **Dimitrijeva, Vanga** and Kertakova, Marija and Mojsov, Kiro **(2019)** Selection of fusible interlining in apparel industry. Tekstilna industrija. ISSN 0040-2389

Целта на трудот е селекција на термопластична меѓупостава во производството на машки кошули. За фиксирање на ткаенината се користени три вида на меѓупостави од различни производители и со различни својства. Селекцијата се заснова на јачината на спојот меѓу ткаенината и меѓупоставата. Јачината на спојот е испитувана после фиксирањето и по 5 циклуси на перење.

***15.*** Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and Golomeova, Saska and Dimitrijeva, Vanga and Dimova, Tanja (2019) Tactile properties of fabrics. Tekstilna industrija. pp.4-10 ISSN0040-2389

Во трудот се идентификувани најсоодветните атрибути за опис на ткаенините, а исто така даден е преглед на некои од современите истражувања за предвидување на тактилните својства на ткаенините. Тактилните својства на ткаенините се најважните карактеристики што влијаат на квалитетот на готовите производи и одлуката на купувачот при купување.

- **Учество на конференции и работилници во земјата и странство**

**17**. Risteski, Sanja and Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and Golomeova, Saska and **Dimitrijeva, Vanga (2024)** ECO-PRINT training. In: ECO-PRINT training, 15-20 Април 2024, Кампус 2, Технолошко-технички факултет.

Во рамки на тренингот ECO-PRINT, на ден 19 април во лабораторијата и предавалната на Технолошко-техничкиот факултет во Штип се одржа обука за редизајн на нови производи од текстилен отпад. Дел од материјалот како суровина беше обоен со природни бои на свилена основа, а останатите производи беа изработени од текстилниот отпад добиен од конфекциските претпријатија во Македонија. Беа изработени 20 производи со додадена вредност кои ќе бидат крајно презентирани во Турција.

Во рамките на овој тренинг беа одржани и предавања на тема циркуларност во модата при што учесниците се стекнаа со знаења за текстилниот отпад во Р.Македонија. Учесници во обуката беа студенти на ТТФ и учесници од Турција и Полска. Тренингот траеше во период од 15-20 април, директно учество како предавачи и инструктори во обукатаземаа професори од Технолошко-техничкиот факултет при УГД, при што на завршниот ден од тренингот добија и соодветни сертификати за успешно реализирана обука.

- **Член на уредувачки одбор на списание**:

1. Член на меѓународен уредувачки одбор на списанието Journal of Leather and Footwear, Загреб, Република Хрватска. (ISSN 1849-9769)

**Завршна евалуација на наставно-педагошката и научно- истражувачката дејност**

Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Ванѓа Димитријева-Кузманоска е истражувач со резултати кои придонесуваат во областа на Дизајнирање на текстил и облека. Автор и коавтор е на научни и стручни трудови, автор на скрипти и учебник од соодветната област. Раководител е на проекти кои се одобрени од Министерството за култура и се од национален интерес во културата на државата. Раководител е на студенти во повеќе студентски проекти кои се значајни за развојот на студентите. Член е на меѓународен уредувачки одбор на едно меѓународно списание во странство. Во наставно-педагошката дејност м-р Ванѓа Димитријева-Кузманоска, исто така има богато професионално искуство. За време на нејзината кариера во високото образование од помлад асистент до вонреден професор, покривала бројни предмети од областа на дизајнирање на текстил и облека на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Нејзините методи на работа интегрираат традиционални и модерни методи и форми за инклузивно образование и ефективен пренос на знаење.

**Стручно – апликативна и организационо-развојна дејност**

Во текот на изборниот период кандидатката вонреден професор м-р Ванѓа Димитријева-Кузманоска има учествувано во бројни стручно-апликативни и организациско-развојни активности на Универзитет „Гоце Делчев”-Штип од кои може да се согледа нејзиниот интерес за професионален развој и проширување на академското и стручното искуство, таа била вклучена во изработки на идејни решенија за изработки на облека (униформи, костимографии и сл.) на значајни институции во државата и странство со што се потврдува нејзината експертиза во областа, но и посветеноста за развојот на Универзитетот и високото образование во целина.

***Член на универзитетски или факултетски органи и комисии и владини тела:***

- Сенатор во Сенатот на Универзитет „Гоце Делчев”- Штип со одлука бр. 2402-41/8 од 24.03.2022 година донесена од Наставно-научниот и уметнички совет на Ликовната академија при УГД,
- член на Наставно - научен и уметнички совет на Ликовна академија при УГД од 2019 и тековно избрана од избрана од ННУС на Ликовната академија,
- член на Наставно - научен совет на Технолошко технички факултет при УГД од 2019 и тековно избрана од Технолошко технички факултет,
- член на Комисија за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во прва година на универзитетските академски студии во учебната 2023/2024 година од Ликовната академија избрана со одлука бр. 24.02-56/5 од 29.06.2024 година од ННУС на Ликовната академија,
- член во Одборот за соработка и доверба со јавноста на Ликовната академија, со одлука 2402-46/12 од 30.03.2023 избрана од ННУС на Ликовната академија,

- член на Изборна комисија за спроведување на тајно гласање за декан на Ликовната академија при УГД, со одлука бр.. 2402-51/5 ОД 07.06.2022 година избрана од ННУС на Ликовната академија при УГД,
- член на Комисија за спроведување на тајно гласање за избор на еден член на Универзитетски сенат при УГД со одлука бр.. 24.02-57/6 од 22.09.2022 година избрана од ННУС на Ликовната академија при УГД.
- член на Комисија за запишување на кандидати во прва година на универзитетските академски студии во учебната 2022/2023 година од Ликовната академија избрана со одлука бр. 2402-54/7 од 22.08.2022 година избрана од ННУС на Ликовната академија,
- член на Комисија за полагање на испити по следниве предмети на насоката Класично сликарство: Цртање 1, Сликање 1, Сликарска технологија 1, Цртање 3, Визуелна култура, Сликарска технологија 3, Композиција 2, Цртање 5, Сликање 5, Акт со пластична анатомија 1, Цртање 7, Сликање 7, Копирање на уметничко дело 2, Визуелна култура, Теорија и технологија на бои
- член на Комисија за полагање на испити по следниве предмети на насоката Вајарство: Цртање 7, Училишна докимологија, Конзервација, Портфолио, Цртање 2, Сликање 2, Сликарска технологија 2, Практична настава, Композиција 1, Цртање 4, Сликање 4, Сликарска технологија 4, Теорија на ликовни уметности, Теорија на форма и боја, Цртање 6, Сликање 6, Перспектива 2, Цртање 8, Сликање 8, Теорија и технологија на бои, Ѕидно сликарство, Портфолио, Цртање 2, Композиција 1, со одлука бр, 2402-41/4 од 24.03.2022 година избрана од ННУС на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев" –Штип,
- член на Конкурсна комисија за запишување на нови студенти во прва година на универзитетските академски студии на Ликовната академија при Универзитет „ Гоце Делчев"-Штип, избрана со одлука бр. 2402-51/3 од 22.06.2021 година од ННУС на Ликовната академија,
- член на Комисија за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во прва година на универзитетските академски студии во учебната 2020/2021 година од Ликовната академија избрана со одлука бр. 2402-51/4 од 22.06.2021 година избрана од ННУС на Ликовната академија
- член на Комисија за самоевалуација на Ликовната академија при Универзитет „ Гоце Делчев"-Штип избрана со одлука бр. 2402-58/6 од 30.08.2021 година избрана од ННУС на Ликовната академија
- член на Конкурсна комисија за запишување на нови студенти во прва година на универзитетските академски студии на Ликовната академија при Универзитет „ Гоце Делчев"-Штип, избрана со одлука бр. 2402-40/3 од 23.06.2020 година од ННУС на Ликовната академија
- член на Комисија за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во прва година на универзитетските академски студии во учебната 2020/2021 година избрана со одлука бр. 24.02-40/4 од 23.06.2020 година од ННУС на Ликовната академија при УГД
- член на Изборна комисија за спроведување за избор на ректор на Универзитет „ Гоце Делчев"-Штип, со одлука 2402-57/3 од 2019 година од Ликовната академија
- член на Конкурсна комисија за запишување на студенти во учебната 2019/2020 година избрана со одлука бр. 24.02-61/3 година од Ликовната академија
- член на Комисија за проверка на знаењата и умеењата за пријавените

кандидати за запишување во прва година на универзитетските академски студии во учебната 2019/2020 година избрана со одлука бр. 24.02-61/4 од Ликовната академија

- претседател и член на 30 комисии за одбрана на диплмоски трудови од октомври 2019 до август 2024 година
- член на уредувачки одбор на научно списание во странство „
- член на комисија за издавање на учебник
- активно учество во изготвување на студиски програми на прв и втор циклус на студии на Технолошко-технички факултет и Ликовната академија.

Кандидатката има учество во следните проекти:

1. **Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga** and Janakieska,Danica (2022), *Староградските фустани во Крушево.*(проект поддржан од Министерството за култура)
2. **Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga** (2022), Крушевските семејства незаборав низ фотодокуменатција - II ( фаза).

- **Претседател на организациски или програмски одбор на стручен собир**

Dimitrijeva-Kuzmanoska, Vanga and Golomeova, Saska and Risteski, Sanja and Zhezhova, Silvana and Jordeva, Sonja and Bojadziska, Slavica and Ristova, Elvira and Efremov, Jordan (2023) *Истражување на традиционалниот текстил кој се изработувал во Република Северна Македонија*

Во однос **на организациско-развојната дејност, кандидатката редовно учествува во активности за унапредување и развој како на Технолошко-технички факултет така и на Ликовната академија при Универзитетот Гоце Делчев – Штип меѓу кои се вбројуваат:**

- член на Наставно-научен совет на Технолошко-технички факултет при Универзитетот; „Гоце Делчев" - Штип;
- член на Наставно-научен и уметнички совет на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип;
- учество во Комисии за изработка на елаборати за прв и втор на студии;
- учество во Комисии за оценка и одбрана на дипломски, и магистерски;
- учество во Комисија за избор на доцент и вонреден професор;
- организација на значајни настани на Технолошко - техничкиот факултет и Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, објавени во репозиторумот на УГД меѓу кои: изложби на студентите од Технолошко-техничкиот факултет и Ликовната академија при Универзитет „ Гоце Делчев"-Штип;

**Членство во научни мрежи, стручни платформи и бази на податоци:**

- GoogleS cholar, https://scholar.google.com/citations?user=XvVGS-UAAAAJ&hl=sr
- ORCID, https://orcid.org/0009-0004-7903-4306
- UGDScholar, https://scholar.ugd.edu.mk/vangjadimitrijeva
- AcademiaEdu, https://wwwugd.academia.edu/VangjaDimitrijeva
- ResearchGate, https://www.researchgate.net/profile/Dimitrijeva-Kuzmanoska
- UGDAcademicRepository, https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home

Кандидатот д-р Јана Манева Чупоска, има доставено: пријава; кратка биографија со список на трудови, Примероци од трудовите, Диплома за доктор на науки, докторски труд, Диплома за завршени магистерски студии, Диплома

за завршени додипломски студии (прв циклус), Уверение за положени испити; Сертификат за познавање на странски (англиски) јазик, Уверение за државјанство; Одлука за избор во наставно-научно звање редовен професор по група стручно уметнички предмети од областа „Дизајн и уметност" на Факултетот за арт и дизајн при Европскиот универзитет, Одлука за избор во редовен професор, доживотно. Одлуки за членство во комисии.

***Биографски податоци***

Д-р Јана Манева Чупоска е родена на 22.12.1970 година во Скопје. Дипломира на 13.03.1996 година на Факултетот за Ликовни уметности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје со просечна оцена 8 и се стекнува со титула Дипломиран сликар со конзервација и реставрација. Магистрира на 31.10.2006 година на Факултетот за Ликовни уметности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје на тема „Интимно имагинарна геометрија" и се стекнува со научен степен магистер по ликовни уметности од областа на сликарство со просечна оценка 10. Докторира на 30.06.2016 година на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, на тема „Естетските и структуралните особености на македонските народни носии, со посебен осврт на мијачката носија и нивните трансформации во современ моден дизајн" и се стекнува со научен степен доктор по фолклористика.

По завршувањето на факултетското образование во периодот од 1998 до 1999 година кандидатката посетува специјалистички студии по сликарство и рачна обработка на стакло на Високата школа за применета уметност во Прага.

Во 2006 год. се вработува како асистент на Факултетот за арт и дизајн при Европскиот Универзитет, Р Македонија, во 2007 г. се стекнува со научно звање „Доцент" на истиот Факултет за Арт и Дизајн, ЕУРМ.

Во 2009 г. се запишува на докторски студии на институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје,

Во 2009 год. станува член на Управниот одбор на КИЦ Културно-информативен центар во Скопје, каде во 2015 год е избрана за претседател на управниот одбор во истата институција.

Во 2010 г. станува раководител на катедрата за моден дизајн на Факултетот за Арт и Дизајн, ЕУРМ, а истата година станува член на Сенат на Европскиот Универзитет.

Во 2011 год. станува декан на Факултетот за Арт и Дизајн, ЕУРМ.

Во 2013 год. е избрана за Вонреден професор на Факултетот за арт и дизајн при Европскиот Универзитет.

На 06.11.2017 година со одлука бр.02-646/1 од 10.11 2017 е избрана редовен професор по група стручно уметнички предмети од областа „Дизајн и уметност" на Факултетот за арт и дизајн при Европскиот универзитет

На 02.07.2019 година со одлука бр. 02-476/1 од 04.07.2019 година се стекнува со звање Редовен професор доживотно при Европскиот универзитет.

На покана на Универзитетот во Сорбона оддел: културолошки студии, е поканета да биде дел од енциклопедијата во три тома „Жените и нивното творештво во 20 век".

Претседател на ДЛУМ-Друштво на ликовни уметници на Македонија од 2022 година.

Учесник е на повеќе меѓународни и домашни научни конференции, со објавени научни трудови во зборници од областа на ликовна уметност и дизајн.

Ментор, професор на студенти на повеќе дипломски и магистерски одбрани. До сега има реализирано самостојни изложби на меѓународна и домашна ликовна сцена, учествувала на повеќе групни изложби како на меѓународна така и на домашна ликовна сцена.

**Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно – научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.**

**Општи услови за избор:**

- **Успех од најмалку 8,00 (осум) како просечна вредност на студиите на прв и втор циклус**

Кандидатката има остварено 9 просечен успех на студиите на прв и втор циклус

***Најмалку научен степен магистер од соодветната област***

Магистрира на 31.10.2006 година на Факултетот за Ликовни уметности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје на тема „Интимно имагинарна геометрија" и се стекнува со научен степен магистер по ликовни уметности од областа на сликарство со просечна оценка 10.

Докторира на 30.06.2016 година на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" на тема „Естетските и структуралните особености на македонските народни носии, со посебен осврт на мијачката носија и нивните трансформации во современ моден дизајн", Скопје и се стекнува со научен степен доктор по фолклористика.

***Претходен избор во звање***

Кандидатката е избрана за доцент на Факултетот за Арт и Дизјан на Европскиот Универзитет на Република Македонија, во 2007 година меѓутоа, не е доставена одлука од која што може да се види наставно научната област во која е избрана.

Во 2012 год. е избрана за вонреден професор на Факултетот за Арт и Дизјан, на Европскиот Универзитет на Република Македонија, меѓутоа, не е доставена одлука од која што може да се види наставно научната област во која е избрана.

Во 2017 е избрана за редовен професор на Факултетот за Арт и Дизјан на Европскиот Универзитет на Република Македонија, од наставно - научната област Дизајн и уметност, а во 2019 година е потврдено звањето во доживотен професор во истата област, Дизајн и уметност. Комисијата забележа дека според тогашната класификација на научно истражувачки полиња и области ваква област не постои.

Во важечката класификација од 09.04.2024 во научното подрачје: Хуманистички науки постои област (6.04.00.02) Применета уметност и дизајн. Кандидатката нема претходен избор во областа Дизајнирање на текстил и облека (2.11.06.05).

***Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјава***

Во изборниот период (2019-2024 та) кандидатката ги реализирала следните самостојни изложби:

Самостојна изложба „Париски нацртан филм" во кинотека на Македонија по повод Франкофонски денови во Македонија, 2024.

Самостојна изложба „Париски нацртан филм" во Македонската амбасада во Париз, 2023

Самостојна изложба „Париски нацртан филм" меѓународно ателје на Париз, 2023

Самостојна изложба „Љубовници во пандемија", Музеј на Војводина-Нови Сад

Самостојна изложба „Љубовници во пандемија", Национален музеј во Херсон, Украина , 2020

Самостојно претставување на меѓународниот саем за уметност Токио, Јапонија 2019 год.

***Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик***

Кандидатот има уверение за положен тест по англиски јазик, (C1)

***Способност за изведување на сите видови високообразовна дејност***.

Кандидатката Од 2007 година е избрана во доцент на Европскиот универзитет на Факултетот за Арт и Дизајн – Скопје. Во 2012 година е избрана за вонреден професор на Европскиот универзитет на Факултетот за Арт и Дизајн – Скопје. Во 2018 е избрана за редовен професор во областа Дизајн и Уметност, на Факултетот за Арт и Дизајн – Скопје. Предава на повеќе предмети од прв циклус:Техники на цртање, Цртање, Техники на сликање, сликање, Модна илустрација, Колекција 2, Моден дизајн 2, Дизајн анализа и на втор циклус: Моден дизајн 1, Моден дизајн 4, Моден дизајн Б, Дизајн анализа.

Ментор е на дипломски и магистерски трудови, и член во комисии за нивна одбрана.

Кандидатката има автортизирани предавања по повеќе предмети кои ги предавала.

**Посебни услови:**

***Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати***

Кандидатката во изборниот период има учествувано на 11 изложби од кои 4 самостојни другите се групни во државата и странство.

Кандидатката д-р Јана Манева учествувала во проектот на Музејот на Холокаустот во Македонија, „Еврејските свадби во Македонија меѓу двете светски војни низ стари фотографии, документи и предмети" 2023 Изработка на прототип на невестински еврејски фустан.

***Успешно дејствување во соодветната област на уметноста***

***Признанија и награди***

Сертификат за учество на "Online master study programme for circular economy", 2019

Сертификат за учество во европски проект, Еразмус програма К2 на тема „Acquring knowledge of European standards for development of cosmetic products of organic origin", 2020

Сертификат за учество во меѓународна научна и стручна конференција „ Socio-cultural trends in development of modern design and art", 2021

***Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници***

Кандидатката има дадено придонес во оспособување на помлади наставници и соработници. Ментор е на магистерски трудови и е член на рецензентски комисии за избор во соработнички и наставнички звања.

***Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД.***

Кандидатката нема доставено доказ за издаден рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД.
Комисијата напоменува дека кандидатката приложила авторизирани предавања, за кои не доставува податоци дека се рецензирани.

**Наставно- образовна дејност и научноистражувачка дејност**

Кандидатката д-р Јана Манева од 2007 година е избрана во доцент на Европскиот универзитет на Факултетот за Арт и Дизајн – Скопје. Во 2012 година е избрана за вонреден професор на Европскиот универзитет на Факултетот за Арт и Дизајн – Скопје. Во 2018 е избрана за редовен професор во областа Дизајн и Уметност, на Факултетот за Арт и Дизајн – Скопје.

Кандидатката од 2007 година и тековно работи на Европскиот универзитет на Факултетот за Арт и Дизајн во својата кратка биографија наведува учества на меѓународни конференции. Предава на повеќе предмети од прв циклус:техники на цртање, цртање, техники на сликање, сликање, модна илустрација, колекција 2, моден дизајн 2, дизајн анализа и на втор циклус: моден дизајн 1, моден дизајн 4, моден дизајн 6, дизајн анализа.

Кандидатката била ментор на дипломски работи на студенти, меѓутоа не се доставени одлуки врз основа на кои би се констатирал бројот на дипломски трудови.

Ментор за одбрана на магистерски труд на тема и „ Поврзаноста помеѓу современата концептуална уметност и експериментална мода", 2023

1. Учество на International symposium, museum of architecture and design, Ljubljana, Slovenija, 2023
2. Учество на XXI Меѓународен симпозиум „ Традиција, медиуми, дигитален свет" Развојот на македонската етно мода во денешната дигитална ера-нови предизвици и дигитални модни формати,2022
3. Учество на меѓународна конференција ЕУРМ „ Науката и уметноста во услови на пандемија" 2021 „ MOOD'S RISK INTEGRITY" „ THE REASON WHY WE NEED ART IN WAR"
4. Учество во меѓународна конференција на факултетот за дизајн и технологии во Херсон Украина, 2020 год. „ Imact of socio-cultural war trends".

Кандидатката д-р Јана Манева била член на а организационен одбор за реализација на научно-стручна работилница на тема „Знаењето и талентот-фундамент за успешност".

***Самостојно ликовно претставување***

Самостојна изложба „Париски нацртан филм" во кинотека на Македонија по повод Франкофонски денови во Македонија, 2024.

Самостојна изложба „Париски нацртан филм” меѓународно ателје, 2023

Самостојна изложба „Париски нацртан филм” во македонската амабасада во Париз, 2023.

Самостојна изложба „Љубовници во пандемија”, Национален музеј во Херсон, Украина.

Самостојно претставување на меѓународниот саем за уметност Токио, Јапонија 2019 год.

***Групно ликовно претставување***

- 2022 год. Изложба на «Фемина“ во Македонскиот Центар во Загреб
- 2024 год. Изложба „Лебдење“ во рамките на „Фемина“кураторски проект
- 2024 год. „Фемина44 видео арт „Раѓањето на В“ во Кинотека на Македонија
- 2024 год. Учество на Зимски салон ДЛУМ 2024 во Национална Галерија Чифте Амам во Скопје,
- 2024 год. Учество на Зимски салон ДЛУМ 2024 во НАционална Галерија, штипски амам во Штип,
- 2024 год.Учество на Зимски салон ДЛУМ 2024 во НАционална Галерија, во Куманово
- 2024 год. Изложба и учество на меѓународна колонија во Македонскиот центар во Истанбул.

***Учество во проекти***

Кандидатката д-р Јана Манева учествувала во проектот на Музејот на Холокаустот во Македонија, „Еврејските свадби во Македонија меѓу двете светски војни низ стари фотографии, документи и предмети”2023 Изработка на прототип на невестински еврејски фустан.

**Стручно – апликативна и организационо-развојна дејност**

Кандидатката д-р Јана Манева има издадено книга со наслов Естетските и структуралните особености на македонските народни носии, со посебен осврт на мијачката носија и нивните трансформации во современиот моден дизајн, со ISBN 978-608-269-008-7 издадена од АД Вербум.

***Член на универзитетски или факултетски органи и комисии и владини тела или член на универзитетски или владини тела***

Во тек на изборниот период кандидатката ги има реализирано следниве стручно апликативни и организациско-разбојни активности:
Кандидатката

Во текот на изборниот период кандидатката редовен професор д-р Јана Манева Чуповска учествува во стручно-апликативни и организациско-развојни дејност на Европскиот универзитет од кои како позначајни се:

- член на ректорска управа Европскиот универзитет
- ректор
- член на Наставно научен совет
- член на комисија за одбрана на магистерски трудови
- претставник на деканска управа во Сенат на Европскиот универзитет
- член на комисија за избор на професор емеритус
- член на комисија за настава при Европскиот универзитет

Со одлука од министерот за образование именувана е за претседател на Матична комисија за вршење на подготовките за почеток со работа на Самостојна високобразовна установа Училиште за мода Фашион Десигне ДООЕЛ.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно - стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира.

**Кандидатката м-р Ванѓа Димитријева Кузманоска** има богатата работна биографија, обемно педагошко искуство, значајни уметнички остварувања и покажува голема способност во наставно-образовната, научно-истражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност, стекната за време на своето работење, што се констатира од објавените научни и стручни трудови, а кои во квантифицирана форма се прикажани во табелите кои се составен дел од Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно - стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, преку остварените вкупно 391 поени (НО 40+НИ 236+САОР 115).

**М-р Ванѓа Димитријева Кузманоска** претходно континуирано е бирана во **доцент** и **вонреден професор во областа Дизајнирање на текстил и облека**, има објавено универзитетски учебник и комисијата смета дека ги исполнува условите за избор во звање Редовен професор по стручно уметнички предмети, од наставно научната област Дизајнирање на текстил и облека.

**Кандидатката д-р Јана Манева Чупоска** нема претходен избор во областа Дизајнирање на текстил и облека. Истата не приложила доказ за издаден учебник, рецензирани скрипта, практикум, или ЦД. Кандидатката не доставила препораки потребни за избор во доцент и според тоа комисијата смета дека истата не ги исполнува условите за избор во наставно звање по стручно уметнички предмети од наставно научната област Дизајнирање на текстил и облека.

Според изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката м-р Ванѓа Димитријева-Кузманоска да биде избрана во звањето редовен професор по стручно-уметнички предмети во наставно- научната област Дизајнирање на текстил и облека и Предлог одлуките да се достават до Универзитетскиот сенат, за кандидатката да биде избрана во наставно-научното звање редовен професор, за претходно назначената област на Технолошко-технички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Пенка Ангелинова Димитрова, редовен професор, претседател  
Д-р Владимир Станковиќ, редовен професор, член  
Д-р Снежина Андонова, редовен професор, член

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| | Избор во вонреден професор | | | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **5** | Научен труд објавен во меѓународно списание реф. 1,2,3,4,5,6,8,9,10,11,12,13,14, (трет,..автор ≤ 5 автори) | | | 14x3 | | 42 |
| **6** | Пленарно предавање на научен собир, музички натстап на официјален концерт, учество со изложба реф. 16,17,23,24,25,26,27; (во земјата) 15,18,19,20,21,22 (во странство) | 7x3 | 21 | 5x6 | 30 | 51 |
| **12** | Одбранета магистерска работа | | | 4 | | 4 |
| **13** | Раководител на научен проект | | | 3x3 | 9 | 9 |
| **14** | Учесник во научен проект | | | 3x6 | | 18 |
| **16** | Член на уредувачки одбор на научно списание реф.29. | | | 1 | 1 | 1 |
| **19** | Претстедател на организациски или научен одбор, фестивал | 3x2 | 6 | | | 6 |
| **22** | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско -музички награди | 15x5 | 75 | 3x10 | 30 | 105 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **236** |
| **Р. бр.** | **Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **1** | Учебник | 1 | 10 | | | **10** |
| **27** | Член на универзитетски или владини тела | 1 | 5 | | | **5** |
| **28** | Член на факултетски орган, комисија | 50x2 | 100 | | | **100** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **115** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **391** |